Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-3241/2
Дата/Data: 02-09-2022 год./viti

**ДО/DERI TE:** ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ
бул. "Македонски Просветители" бр. 13 А
Охрид

**ПРЕДМЕТ/LËNDA:** Доставување на Мислење

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето известување за намера за изведување на проект со број 11-3241/1 од 21.04.2021 година, кое се однесува за проект: „Изградба и работа на хотел" во општина Охрид, за потребите на инвеститорот ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ од Охрид, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледа предметното барање и го издава следното

**МИСЛЕЊЕ**

За изведување на проектот: „Изградба и работа на хотел" во општина Охрид, инвеститорот е должен да изготви Елаборат за заштита на животната средина.

**Образложение**

- Од страна на инвеститорот ДПТУ "ПЕ - ПУЛС" ДООЕЛ од Охрид беше доставено е известување за намера за изведување на проект: „Изградба и работа на хотел" во општина Охрид. Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот е на ГП 1.1, на КП број 5614/1, КП број 6471/4, КП број 5614/10, КП број 6471/8, КО Охрид 4 во општина Охрид.
- Согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016 и 99/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 36/2012), наведениот проект припаѓа во Глава XIII - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна, точка 1 - Хотели и слични објекти за сместување (хотелски населби, апартмански хотели и мотели) со предвидени повеќе

од 100 легла, надвор од урбанизирани подрачја и сите оние кои се лоцирани во заштитени подрачја на природата.

- Во постапка за оцена на влијание врз животната средина е побарано мислење од Сектор за природа со број 11-3241/8 од 12.07.2022 година, Сектор за води со број 11-3241/7 од 12.07.2022 година, Сектор за просторно информативен систем со број 11-3241/4 од 07.06.2022 година и 11-3241/9 од 27.07.2022 година при Министерството за животна средина и просторно планирање, како и од комисија за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион при Министерство за култура со број 11-3241/7 од 12.07.2022година и 11-3241/11 од 01.08.2022година. Согласно добиените мислења од Сектор за просторно информативен систем со број 16-3241/10 од 29.07.2022 година и Сектор за природа со број 11-3241/12 од 04.08.2022година, предметниот плански опфат е на околу 83 m до КП Охридско езеро .

- Инвеститорот се задолжува да изготви Елаборат за заштита на животната средина, со што ќе се предвидат сите решениа за заштита на животната средина при процесот на изградба и работа. Истиот треба да биде доставен до Управата за животна средина на негова оценка и издавање на согласност по истиот

- Елаборатот за заштита за животната средина потребно е да се изготви согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита за животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр.44/2013 и 111/2014) .

- Елаборатот за заштита за животната средина да го доставите до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на негово разгледување и одобрување.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Врз основа на горенаведеното го издаваме мислењето како во диспозитивот и укажуваме на обврската на инвеститорот за изготвување на Елаборат за заштита на животната средина.

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
Директор / Drejtor
**Hisen Xhemaili**

Изработил/Përpiloi: Влатко Цветаноски
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска